СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-4373/44
14.07.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 14-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денеска 14.07.2022 година.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 14-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат сите 19 советници, од кои 5 советници средбата односно седницата ке ја следат и ке бидат поврзани преку телекомуникациска врска со истата.
Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.
Со Решение за свикување на денешната седница доставен е и Записник од Дванаесеттата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана на 13.06.2022 година.
Дали има забелешки по Записникот на 12-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 12-та Седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно усвоен.

Констатирам дека е усвоен Записникот на 12-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Исто така доставен е и Записник од Тринаесетата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 14.06.2022 година

Дали има забелешки по Записникот на13-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 13-та Седница на Советот на Општина Кавадарци да се изјасниме. Едногласно усвоен.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 13-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес тоа :

1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година;
3. Предлог-Одлука за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште;
4. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар, „Градски Пазар со подземен паркинг„ сопственост на Општина Кавадарци, без надомест на ЈП„Комуналец„ Кавадарци и ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, заради вршење на дејност;
5. Предлог-Програма за изградба на типска училишна спортска сала на градежна парцела ГП 4.7 (ООУ „Димката А габерот„ с.Сопот), од УПСза с.Сопот, Општина Кавадарци;
6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планскадокументација за објекти надвор од планскиот опфат;
7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;
8. Предлог-Одлука за одредување на Проектот „ Присопособување на патната инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште на м.в Шамаците Општина Кавадарци", како приоритетен проект на Општина Кавадарци;
9. Предлог-Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата;

   ТОЧКА 10 СЕ ИЗЗЕМА од Дневниот Ред, понатаму редоследно се менува бројот на точките;
10. Предлог-Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Кавадарци;
11. Предлог-Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Кавадарци;
12. Предлог-Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Кавадарци;
13. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
14. Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на Библиотека„Феткин„ Кавадарци;

15. Предлог-Одлука за примање донација –Инсталација на ЛЕД позадина на Градски Пазар во Општина Кавадарци од Друштво за производство трговија и услуги “Кожувчанка” ДОО увоз-извоз Кавадарци;
16. Предлог-Решение за формирање на комисијаза процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци;
17. Предлог-Одлука за давање согласност на измена на Годишен План за вработување за 2022 година наЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци;
18. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година наОпштина Кавадарци;
19. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 годинанаЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци;
20. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 годинана Локален Музеј Галерија Кавадарци;
21. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;
22. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
23. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;
24. Измена на Годишна Програма со финансов план на КСП ПОДИУМ ЈАДРО Кавадарци за 2022 година;
25. Измена на Програма за Традиционален Фестивал„ Гроздобер 2022„ поднесена од Иноватива ГРУП ДОО Скопје ;
26. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за регулиран период 2021-2023, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
27. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпад на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за регулиран период 2021-2023, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

28. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за одредување на надоместокот за користење на пазаришен простор и погодности на Јавен пазар лоциран на ул„Зелен Пазар„ во Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
29. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за давање на времено користење на движна ствар на ТППЕ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
30. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за заложување на движен имот-машини и опрема, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
31. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување на Годишен план за вработување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци„„ за 2022 година;
32. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци„„ за 2023 година;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2022 година.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Со тоа точка 33 Предлог Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2022 година е внесена во Дневниот ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред. Кој е за. Едногласно усвоена. Согласно Деловникот предложената точка е прифатена на денешниот Дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за утврдување на граница за градење под кота на теренво постапка за издавање на одобрение за градење;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот дневниот ред да се дополни со точка 35.Тоа е

Предлог-Одлука за утврдување на граница за градење под кота на терен.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата комунални дејности на Општина Кавадарци за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Одлука за примање од ЈП„Комуналец„ Кавадарци на трајно користење на движна ствар, донесена од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање Одобрение за користење на иметона Општина Кавадарци во називот на Јавното претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Статутот на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци пречистен текст.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог Одлука финансов план.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.

Дали има други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред. Повели Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Предлагам да се стави точка на Дневен ред Советнички прашања.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Предлогот на советникот Маневски го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

43. Советнички прашања.

Дали има други предлози измени или дополнување на досегашниот изменет Дневен ред. Нема. Бидејќи нема, преминуваме кон разгледување. Целиот дневен ред го ставам на гласање. Едногласно усвоенаСо тоа одиме на реализација на денешниот дневен ред.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани присутни, почитувани колеги, почитуван

Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Значи како прва точка на Денешниот дневен ред го имаме ребаланс на буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година. Да се потсетиме овој ребаланс е втор за оваа година. Значи брзо после реализирањето на буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година направивме еден ребаланс и сега се случува во рок од 6 месеци Општина Кавадарци да има изготвено два ребаланси. Значи можеби беше подобро да се почека да помине и првиот семестар, значи првите 6 месеци да се виде каква е реализацијата на буџетот, па ако имаше потреба да се земат во предвид и тие неопходни промени што треба да се направат, веројатно ќе има наскоро после изготувавањето на семестралниот извештај. Така да очекуваме дека ќе има уште еден, а можеби на крај на година уште еден ребаланс, а тоа е според мене премногу за Општина Кавадарци.Значи има некои проблеми во изготвувањето набуџетот во планирањето или во реализацијата на самиот буџет. Исто така сакам да прашам зошто да речиме еве промените се поголеми во делот на субвенциите за ФК Тиквеш и РК Тиквеш. Значи што беше причината што тие средства не можевме да ги испланираме уште во старт со планирање на буџетот за 2022 година или пак со првиот ребаланс. Кои се причините кои што доведоа до ситуација да со овој ребаланс да обезбедиме дополнителни средства за овие два клуба. Дали имаме проблеми во обезбедувањето на средства за да може да функционираат овие два клуба или пак има некои промени во зголемување на трошоците за овие два клуба. И друго прашање што сакам да го поставам е зошто се намалуваат програмите за јавна чистота, одржување и користење на паркови и зеленило и други комунални услуги. Значи кај сите овие програми има намалување, за јавна чистота има за околу 3 000 000 и нешто, за одржување и користење за 3 000 000 и во други комунални услуги исто околу 3 000 000 и нешто денари. Кога го разгледувавме минатиот пат извештајот на ЈП Комуналец увидовме дека и тие средства што Општина Кавадарци им ги пушта и ги одобрува преку овие програми, не се доволни да ги покријат трошоците што ги прави ЈП за одржување на чистотата на парковите и зеленилото во град Кавадарци. Значи логично беше да овие програми се зголемат и Општина Кавадарци си ги покрива сите трошоци што ги прави ЈП за одржување на градот. Дали во иднина тоа ќе значи дека трошокот ќе биде на терет на ЈП, ЈП ќе продолжи овие трошоци за овие програми да ги покрива од другите приходи, од приходите што ги собира за продажба на вода, бидејќи таму видовме дека има позитивен финансиски резултат, а во овие програми имаше негативно, или пак треба да очекуваме дека има намалување на јавната

чистота, на одржување на јавното зеленило во наредниот период, затоа што средствата се намалуваат со овој ребаланс. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Дали некој друг бара збор. Повели.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, почитувани сограѓани, Градоначалник, служби. Во делот на ребалансот гледам дека согласно економската криза што ја зафати Р.Македонија, а и согласно зголемените трошоци во делот на гориво, каде што се над 100 % во зголемените трошоци за ел. енергија, сепак Општина Кавадарци успешно се справува и за поздравување е овој ребаланс, иако очекував дека некои кратења во капиталните инвестиции гледам дека не само што се крати дека тие и се зголемиле значи добро е во овој ребаланс се скратени некои непродуктивни трошоци како што се трошоци за привремени вработувања во основно образование, за некои ставки кои што се тековни трошоци и не мора оваа година да се изведат, односно потрошат, а додека во делот на капитални инвестиции можам да приметам дека има зголемување за 1 000 000 денари, каде што се вклучени нови улици односно 41-ва Дивизија, Крсте Мисирков и во делот каде што Општина Кавадарци врше надградба во делот на фото волтаици односно СС Јасмин се зголемува делот на приходната ставка, каде што се инвестира 7 000 000 во оваа енергетска криза добро е што се вложува во тој дел, што не само што ќе се заштеди ел. енергија, туку ќе се остварува и приход за СС Јасмин или во нели најмала рака нема да има трошоци за ел. енергија. Според мене ребалансот е за поздравување, бидејќи сите капитални инвестиции се на ниво на кое што треба да бидат и граѓаните во тој дел нема да имат никакви проблеми и ветените работи како што гледаме и на терен, значи реконструкција на Бел Камен, започната е изградба на Западен Булевар, новата улица Домовица. Значи сите главни капитални односно артерии во градот, се пробиваат нови улици, се реконструираат и во тој дел Општина Кавадарци го извршува буџетот и граѓаните ќе бидат задоволени. Според мене овој ребаланс ќе го гласам и мислам дека е развоен за доброто на граѓаните. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Повели Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Претседавач на Совет, почитувани колеги советници, почитуван Градоначалник, почитувана јавност. Кога се носеше првиот ребаланс на буџетот, одма после изгласувањето на буџетот за 2022 година јас реков дека добро е ако имаме почесто ако треба ребаланси, затоа што последиците што ги

предизвикува ова голбална економска криза не можиме никој да ги предвидиме, а посебно ние во нашата држава каде што е со слаба економија. Кога има економска криза на светско ниво, јаките економии кога се во криза и кај нас се одразува уште повеќе. Арно ама тогаш реков дека и кога се донесуваше буџетот и кога беше првиот ребаланс дека е преоптимистички. Тоа што го реков тогаш се покажува и сега кога се врши намалување на пр. на програмата Ј4 Јавна чистота се намалува износот од предвидените 14 000 000 на 10 202 000 , програма Ј7 Одржување и користење од 11 000 000 на 8 000 000, програма Ј8, други комунални услуги, планираниот износ 11 624 000 се намалува на 9 124 000 . Добро е што се намалени и средствата во програма Б1 Детска градинка тука ќе барам и објаснување дали е тоа веќе конечно се намалуваат од 35 437 000 на, не ми е отштампано ова тука доволно. Дали тоа значи дека тие средства што биле планирани за Привремено вработувања е веќе решен тија случај за нашата Општина да не издвојува толку средства на месечно ниво, а се зголемува износот во Програма А0 Општинска администрација, за набавка на ел. енергија за општинската зграда, од планираните 12 000 000 на 17 681 000, се зголемува ставката Ј3 Јавно осветлување од 20 000 000 на 22 454 000, значи добро е ако почесто се седне, се праве анализа и на време се ребалансират од една на друга сметка за да не дојдиме во ситуација касно да реагираме. Пак ќе повторам, бев за точно да предвидиме, не бевме сигурни, преоптимистички го оценив и донесувањето на буџетот и првиот ребаланс, меѓутоа ако треба почесто ќе се срекаваме, почесто ќе правиме префрлања од една на друга сметка само за да се преброде ваа криза. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани службеници, почитувани медиуми и сограѓани. Добро е што денеска се разговара за ребалансот на буџетот и што нормално како советници детално го имате разгледано и повеќе време го имаме дискутираме. Сакам воведно прво да нагласам дека со службите од финансии, со целокупниот сектор и целовкупно другите сектори, не го разговараме ова само на Совет него макотрпно секојдневно ја пратиме ситуацијата во државата, на светско ниво ги пратиме цените на енергијата, цените на реагенсите, цените на комуналната изградба и носиме заклучоци соодветни врз основа на тоа што планираме и пак ќе повторам планирамеда го пребродиме овој бран од економска криза, од криза на енергенси и нормално дека тука е благодет на Општината што комуналната изградба воопшто не ја намалуваме, напротив имаме и зголемување на комуналната изградба

во некои делови . Да. Со Програмата за јавна чистота и зеленило немаме никакво намалување на површините по упатеното прашања од советничката Богева нема да се намале одржувањето на зеленилото, нема да се намале хигиената во градот. Средствата коишто ги намалуваме на ЈП и средствата кои што ги ребалансиравме од градинката ги наменуваме 7 000 000 денара за поставување на нови фотоволтаици од 200 kw инсталирана моќност на СС Јасмин кај што веќе имаме добиено предсогласност од ЕВН. Има можност да се постават таму фотоволтаици со единствена цел да го ублажиме ударот од цената на струјата. Во делотна градинката очекуваме по завршување на државниот буџет и ребалансот дека тие 4 000 000 кои што ги намалуваме дека ќе добиеме од 20-25 согласности и затоа ги намалуваме парите за Агенцијата за времени вработувања, значи не во целост околу пола во делот на вработените ќе добиеме решение по основ на отварањето на новата градинка која што ја отворивме ноември и повеќе пати ја дискутираме. Тоа е кажано, ветено, така да не очекувам промени во тој дел. Во делот на реализацијата на буџетот до денеска имаме 215 000 000 реализација од основен буџет, така да нашата амбициозност која што го донесивме и вториот ребаланс, односно првиот ребаланс и буџетот е остварилива цел така да речиси накај 45,50% ќе имаме приход за првите 6 месеци кои што се многу послаби од вторите 6 месеци, секогаш во пракса и практика, заради тоа што јануари и февруари и март месец сеуште не се издадени решенијата за данок на имот, градежната офанзива не е отпочната , така да сега сме во поразмрдана ситуација со градежни дозволи и со градежно земјиште и од основни приходи и од приватно, односно јавно прометни површини и во делот на реализација на основниот буџет. Она што кажавте дали е избрзан ребалансот јас би сакал да биде овој последен ребаланс,меѓутоа никој не може тоа да го предвиде и да го вете воа во живеење во едно време каде што имаме континуирана дневна криза. Во моментот имате ел.енергија набавка од 450-500 евра на mw/h што значи 30 денара kw.Предвидувањата ние кои што ги правиме за уличното осветлување и за сите оние други институции. Прво ги чекав да го завршат ребалансот на државата која што го имаме како плениминарен ребаланс кој што очекуваме да се донесе, имаме од Регулаторна Комисија цени за новата енергија и на Општината и на јавните претпријатија, вклучувајќи ги и училиштата, цената не е покачена за 7% него е покачена со 300-400%. Така да покачувањто на цената на енергијата за наши потреби основни е покачена 300-400% и сме на слободен пазар и затоа ребалансираме и предвидуваме со единствена цел да изградиме и фотоволтаици за тија удар од таква цена да го малку од малку ублажиме. Ако отиде ел.

енергија 1000 евра по mw, а државата не се вклуче во делот на балансирање на таа цена јас како Градоначалник, верувам и службите, а и вие сигурно ќе укажите на тоа дека нашите потреби за ел. енергија од 30 000 000 денара ќе отидат и на 90 000 000 денари. Така да тоа кој може да го предвиде и да го ребалансираме сега во делот на денешната сегашност. Јас очекувам дека за жал имаме лоша есен и тешка зима, каде што енергијата ќе биде уште поскапа и од ова што го имаме денеска. Исто во делот на греењето на сите јавни институции и образовни институции и предучилишното образование, градинките самите енергенси за греење, по основ без разлика дали е за греење, ел. енергија или нафтени деривати или пелети се качени по најмалку двојно. Така да тука тие средства ние мораме да ги ребалансираме и предвидиме за нашите училишта и јавни институции и бидат спремни да можат да си ги покријат основните трошкови. Ако Сојузна Република Германија се спрема за колективно греење на посиромашните семејства, може да помислите што не очекува нас на есен ако недај боже стигнат тие предвидувања коишто ги предвидуваат во Европа и во западните земји, тогаш ние ќе дојдиме во тотален колапс. Јас пак ќе бидам оптимист и би посакал да овие стабилизирања на цените на енергенсите на пазарот дојдат во некоја нормална средина пошто сега во овој момент имаме ненормални цени. Ние плаќаме ненормално гориво и од Маџарска и од Хрватска и од Србија и од било која околна држава, негде 1,90 евро ни доаѓа литар гориво. Во делот на ЈП Комуналец нема да му го загрозиме работењето. Веќе работиме една физибилити студија за четирите мини хидроцентрали, со исклучок на петтата која што ја пуштивме во јануари, февруари, 4-те централи да ги извадивме од Регулаторна Комисија од регулиран пазар, да ги пуштиме на слободен пазар доколку задрже цената каква што е сега и во тој случај ЈП ќе има негде приходи плус негде околу 20 000 000 денари со што би ги покрил овие средства кои што ние ги ребалансиравме, меѓутоа би ги покрил и средствата по основ на нафтени деривати, каде што месечната фактура по иста литража на нафта сега му е повеќе од 2 000 000 денара, а беше некаде околу 900-800 000 денари за литража која што ја троше ЈП, а таму за жал не може да го намалиме трошокот пошто сите возила кои што ги користе ЈП се на дизел гориво претежно кои што имат соодветна потрошувачка. Во делот на ГРК и ФК да неможевме да предвидиме во јануари, февруари и март поради тоа што таму една сезона, не е каландарска сезона него во спортот сезоната почнува јули, август, ракомет и фудбалот и завршува наредната година мај, јуни.Ги видоме трошковите на ГФК на годишно ниво. Тие се отприлика 24 000 000 денари. Мислам дека ви беше доставено Програма за работа на клубот. Ги видовме ракометните

трошкови на клубот Градски Ракометен клуб и мислам дека беше 15 000 000 денара на годишно ниво . Сразмерно врз основа на учество на Општината како АД, Општина Кавадарци поседува 53% удел во акции во Ракометниот Клуб, 51% акции во Фудбалскиот Клуб со изводок на ваучерот, очекуваме да го добиеме, дотаму стигнавме дека треба сразмерно да учествуваме сезонски. Значи сезоната ќе ни биде од 01.06.-30.05. и затоа е тој ребаланс и ни беше прва година и во ракометот и во фудбалот да бидеме во прва лига и во супер лига и да го видиме годишниот трошок. Во трошокот јас немам некоја забелешка посебна, поради тоа што ги знаеме буџетите и на другите клубови, ракометни и фудбалски. Можете тоа да го проверите и вие, сигурно вие на некој начин имате информации и Општина Битола и Прилеп и Штип и Охрид даваат многу повеќе во делот на подршката на градските клубови и нормално како акционери ги користиме и обврските, меѓутоа и користиме и благодет. Доколку тој Фудбалски Клуб постигне резултати, а оваа година очекуваме да постигниме многу подобри резултати од ланската година и во ракометот или успееме да излезиме во Европа ние овие трошкови можеме да ги покриеме со едногодишна сезона, со излегување во Европа, така да јас посакувам тука да бидеме оптимисти и да навиваме заеднички за градските клубови и за целокупниот спорт, и индивидуален и колективен и носиме резултати за Општина Кавадарци и треба да ни е гордост поради тоа што многу поголеми општини како по примерот Битола, Прилеп, Штип, Велес немаат прволигаши, а ние имаме прволигаш кој што го очекувавме многу време и треба тоа да го негуваме на некој начин и да го заштитиме за да може да функционираме. По однос на советникот Јован значи во делот на сите пак ќе повторам ребалансирања и работење на Општината на максимално ниво ги предвидуваме симнување на трошковите оперативни кои што можеме да ги симниме, ама не по однос на хигиена, по однос на чистота или по износ на комунален смет него само по однос на она што можеме да заштедиме непродуктивно во Општината е сведено на минимум, репрезентации малтене нема, патувања непотребни нема, екскурзии кои што сме ги имале во делот на побратимени градови малтене немаме и гледаме само неопходното да го задржиме за да постигниме единствена цел, која што треба, а тоа е да продолже Општина Кавадарци во прав правец. Ние сме еден од реперите во Општината, во државата како општина која што интензивно ги извршува своите работи и хигиената е на завидно добро ниво, мислам дека тоа го приметувате и вие и вашите гости или сограѓани кои што доаѓаат во Општина Кавадарци и имаме пофални зборови од целокупното население, меѓутоа и од пошироко од Општина Кавадарци.

Општина Кавадарци ќе се движи во оној правец каде што сите приходи и расходи ќе мораме соодветно да ги планираме и нормално да ги предвидиме, сепак секој буџет кога се носи, ова значи предвидување на буџет, досега сме имале многу поточни буџети, меѓутоа јас мислам и на државно ниво и на општинско ниво ќе претрпат до крајот на годината сите буџети уште многу ребаланси. Дај боже да не е така, меѓутоа со однос на цените кои што се очекуваат да бидат на есен, пак ќе повторам на енергија, на деривати нафтени или било што, мислам дека тоа не зависи од нас. Заеднички треба да се грижиме во тој дел за да постигниме подобра цел и мислам дека ќе го постигниме она што го очекуваме до крајот на годината како Општина, јавни претпријатија како ова го овозможиме на граѓаните. Успеавме да собериме средства за новото ЈП од 6 000 000 денара да му ги блок- дотираме со основачки влог за новото претпријатие за вршење на јавна дејност превоз и еве тоа нека биде најава дека од септември или најдоцна на октомври, се зависи од тендерската постапка, ќе отпочне тоа претпријатие со работа. Веќе имаме големи, големи реакции и од граѓаните кои што живеат во приградските населби, а поготово во селата дека превозот и воопшто не постои како јавен превоз. Оние кои што ги имаат добиено линиите за вршење на јавна дејност едноставно не им се исплатида го работат јавниот превоз , така да Општината мислам дека и во еден прав момент го прави овој потег затоа што граѓаните имаат потреба да стигнат до болници и до институции и секаде и само еден пр. дека од село Сопот до Кавадарци таксито ги чини граѓаните поединечно околу 170 - 180 денари во еден правец, а со овој јавен превоз тоа ќе биде со субвенционирана цена, нормално со Правилник и Одлука донесена на Совет соодветна која што ќе биде благодет на граѓаните и во градската средина, меѓутоа и во приградските и во селата. Во делот на градинките со ребалансот кој што го направивме, значи ребалансиравме само од страна на намалување на Агенцијата за времено вработување, нормално тоа е дискутирано со вас, очекувана работа да се дадат решенијата, меѓутоа и онаа одлука која што ја донесовме со заклучок по предлог на Левица, ќе треба да направиме една Комисија, а таа комисија , еве нека си земат службите за обврска најдоцна до 8-миавгуст да биде направена комисиски формирана Комисијата од дел на сите советници и советнички групи, нормално да се вклучат и кадрите од градинката и самата директорка од градинката за да направиме еден Правилник, кој што го изгласавме и донесовме заклучок за ослободување со нето примање плата за да тој правилник го изготвиме затоа што први септември ќе дојде брзо, а доколку го спроведуваме мораме да го направиме навремено. Така да посакувам само за секое семејство да се

грижат максимално во делот и на нивните приходи и расходи, а ние не им ги оптеретиме сметките повише.За жал некои работи испаднаа од контрола и не можеме да ги контролираме од наша гледна точка и очекувањата кои што ги предвидуваат сите светски и европски прогнози дека ќе имаме лоша есен, тешка зима, а поготово во реалмиот сектор каде што и сами знаете дека еве Еуро Никел е ставен во мирување, Дрекселмајер исто е ставен во некаков пасивизиран дел во делот на производството и ред, ред други компании, да не ги именувам.Тоа не е за паника, не е за правење страв и сеење недоверба во делот на општеството, меѓутоа е за загрижување во делот како ќе се одвиваат понатамошните работи во делот на испорака на роба и во делот на испорака на репроматеријал за самите фабрики. Будно треба да ја следиме таа ситуација и да даваме соодветни препораки и како Совет и како Градоначалник и служби на граѓаните за да секоја заштедена работа соодветно биде наменета, поради тоа што ако не изненаде зимата ќе имаме голем проблем.Вооедно сакам и вашиот повод денеска да го честитам за вашето частење и успешност во делот на младите, така да успешна кариера и на нив.Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Повелете . Мелов повели.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги, Претседател на Совет, Градоначалник, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. Во временски период од 6 месеци правиме втор ребаланс на буџетот. Можеме да најдеме одредени оправдувања зошто правиме постојано вакви пеглања на планираните приходи и на планираните расходи и со едно вакво темпо ние можеме да се доведиме во ситуација и на месечно ниво да имаме ребалансирање на буџетот. Зошто го мислам тоа. Бидејќи одредени работи се согласувам дека не можат да се предвидат заради ситуацијата во која што се наоѓа цела светска економија и од која што неизбежен дел е и нашата држава и Општина Кавадарци, меѓутоа сметам дека кога веќе правиме ребаланс на буџетот првичната работа која што треба да ја погледниме овде на Совет е реализацијата на приходите и на расходите, ние таква точка денеска немаме иако е поминат вториот квартал и немаме увид врз основа на кварталниот извештај како се реализираат приходите и согласно тоа како се реализираат расходите на буџетот, па така да сметам дека врз основа на бројките и показателите, кои што ги имавме во однос на одредени приходи, на пр. во однос на неданочните пригоди гледам дека нема никаква промена, иако во првиот квартал имавме реализација на истата само од само 3 %, така да сметам дека ако веќе правиме ребалансирање и промена на очекуваните приходи кое што има подоцна влијание и во

реализацијата на расходите мислам дека тоа треба да го правиме на едно реално ниво за да знаеме и да не се доведуваме во ситуација да имаме постојано како точки на дневен ред ребаланс на буџетот. Јас едино мислам дека во тој дел ми е замерката во однос на овој ребаланс.Заради тоа што сметам дека и понатаму останува истата оценка моја во однос на овој буџет дека е нереално планиран.Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Повели Круме

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе.Јас претходно само ја најавив мојата загриженост дали ребалансот го предвидува работењето на ДАГ Рада Поцева од септември имајќи во предвид дека иницијативата беше усвоена за донесување на одлука за ослободување на париципација на оние родители кои што имаат примање под 31 800. Тоа е единственото нешто што ме загрижува. Инаку сметам дека буџетот ја подржува социјалната политика во Општината и покрај нели сите предизвици кои што ги спомна администрацијата и покрај тоа исто сум загрижен нели и за покачувањето на цената на водата, но тоа е посебна точка, така да можеме да разговараме и подоцна за тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Круме.

Почитувани советници бидејќи е исцрпен претресот по оваа точка, истата точка заедно со Амандманот за основен Општински буџет ја ставам на гласање.Кој е за. 11 за. Воздржан.Против. 3.Одиме кон втората точка на денешниот Дневен рец. Тоа е.

2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Повели.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Во однос на оваа точка сакам да искажам еден став кој се однесува на Младинските школи на овие два клуба ГРК и ГФК Тиквеш и сакам како советници и Градоначалникот да се заложиме посоодветно инвестирање во Младинските школи затоа што тие се базата односно темелот за успехот кој што го очекуваме во иднина. Да го вратиме фудбалот во Кавадарци на едно ниво од минатото, а тоа е невозможно ако не се инвестира во Младинските школи.Штета е талентите од општина Кавадарци да не се препознаат и да не се уклучат во постигнувањето на овие успеси затоа што само така на долги стази ќе обезбедиме континуиранн успех. Благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги добро е тоа што и како држава и како општина се инвестира во спортот ,меѓутоа мислам дека полека почнуваме да ја промашуваме работата. Имено ние се

фокусираме на инстант успех во спортот и тоа е полесната варијанта, инвестирате одредени финансиски средства, купувате играчи од странство и правите одреден резултат и толку. Мислам дека во Општина Кавадарци, која што важеше за една спортска општина години наназад одамна сме немале наши фудбалери, кошаркари, ракометари кои што играт за репрезентација, кои што играат и не претставуваат и Општина Кавадарци и Македонија насекаде низ Европа и низ светот и мислам дека во тој дел треба сериозно повеќе да се инвестира и да се работи се со цел креирање на Младински школи коишто ќе го подигнат нивоото и ќе овозможат да имаме продукција на играчи од Општина Кавадарци во овие групни спортови како што сме имале претходно од буџетите кои што ги гледав јас тука се некаде некои минорни средства кои што се оделуваат за Младинските школи. Мислам дека треба повеќе да се инвестира и во делот на зголемување на стручноста на тренерите кои што ги водат тие младински категории и во дел на соодветни исхрани за млади спортисти и она што требада го поседува еден клуб и една младинска школа за да произведи квалитетен играч. Мислам дека ова е криза која што ја зафати цела Македонија, затоа гледаме дека и нашите репрезентации не постигнуваат ни близу, сем фудбалска репрезентација, друзите репрезентации не постигнуваат ни близу успеси кои што сме ги постигнувале во минатото. Мислам дека во иднина треба да се насочиме токму кон таа работа како Општина. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Нешковски.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Почитувани граѓани, почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, медиуми и останати присутни. Како втора точка на Дневниот ред имаме Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година. За поздравување е тоа нели и со денешниот ребаланс на буџет каде што имаме зголемување на финансиските средства за нашите клубови каде што Општина Кавадарци е акционер. Тоа е ФК Тиквеш и РК Тиквеш. Точно е со дел од колегите се согласувам дека без младински категории, без инвестирање во младите нема напредок нели во спортот во тие категории, кои што се над 20 години, но не сметам нели како општина немаме претставници од младинските категории во нашите репрезентации за оделни клубови. Тоа е случај нели и во кошарката каде што имаме претставник од Кавадарци во Младинска Кошаркарска Репрезентација, во РК каде што нашиот РК во младинска категорија беше дел од фајнлфор оваа година, незнам дали сте запознати со тоа. Исто така од ФК Тиквеш имаме

претставници тројца во Младинска репрезентација на Р.Македонија. Според мене сметам дека се движиме во правилна насока. Треба да инвестираме во спортот, во спортскиот дух кај млдите луѓе, но нели секогаш има можност и простор да може да се делува повеќе. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници. Едно кратко мое гледиште на оваа ситуација со спортот. Спортот во нашата држава, посебно гледаме во фудбалот и во ракометот и во кошарката стана луксуз, прилично скапа работа и ако можеме да забележиме еве во прва лига фудбалот од фудбалските клубови кои што беа во приватна сопственост го напуштаат првенството. Класичен пример Академија Пандев излези во Европа, Ренова исто. Значи зборуваме за клубови кои што беа во приватна сопственост исто. Едноставно ги откажуваат нивните натпреварувања во елитните натпреварувања, посебно во супер лиги, прва фудбалска лига. Најголем дел од фудбалските клубови се оставени на менаџерство на Општините бидејќи Општините во голем дел кај што не е приватна сопственост се главни акционери во тие клубови и пред се зависи од менаџерството на самата Општина, од менаџерството на самиот Градоначалник. Во вакви кризни времиња одржувањето на фудбалот, ракометот и кошарката во елитните лиги е прилично тешко. Тоа е една од причините зошто Фудбалската Федерација еве за фудбалот прават спојување, фузија во втора лига нема две лиги Исток и Запад туку една лига , значи укажува на една глобална рецесија на национално ниво, но и на светско ниво. Во оваа економска криза и во ова тешко време да се успееда се опстане во најелитните напреварувања лично како граѓани треба да бидиме среќни, бидејќи сега е периодот да се преживее. Факт е дека треба да се инвестира во младинските школи бидејќи младинските школи остануваат база за репродукција на лица кои се гордост на градот и во минатаото сме ги имале во кошарката и во ракометот, така да сметам дека штом се прават напори нашите клубови да останат во прва лига, апсолутно дека има и младински школи што ќе си го заземат своето место. Сега најголем бенефит е да останиме во супер лигата, зборувам и за фудбалот и за ракометот, да опстаниме, да можиме да ја пребродиме оваа економска криза, па потоа ќе мислиме. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас сакам само да се надоврзам на излагањето на Мелов и на сите други. Значи и ФК и РК инвестираат во младинци. По тоа што имаме сите информации дека некаде 170 дечиња по сезонски годишно се упишуваат во Младинската школа на фудбалот и околу 100-110 дечиња се упишуваат во Ракометниот Клуб. На крај би сакал да му дадам збор и на Претставникот од РК да ни го појасне тоа добро

инвестирање во младинци и младински школи. Второ имаме многу сериозни луѓе кои што се на чело на клубовите и го водат и РК И ФК, а и на крајот од денот, да се согласувам, меѓутоа немој да заборавите дека фудбал во Кавадарци немаше 18 години, ракомет немаше 15 години и сега кажуваме дека треба да изградиме младинци. Да треба. Во моментот 3 дечиња од младинските школи од Кавадарци, коишто веќе наполнија 17 години се дел од првата постава на ФК Тиквеш, така да тоа е успех за две години да успееме 3 деца да ги ставиме во прволигашки клуб и да бидат во прва постава на самиот клуб од Кавадарци. Значи јас верувам дека наредните 3,4 години, да се согласувам, не треба да купуваме играчи, можеби треба да имаме за имиџ, за допуна, меѓутоа за да изградиме ние наши фудбалери од младински школи и работи сигурно е процес од 3-5 години каде што ќе излезат самите дечиња и верувам дека тоа ако не се прекине оваа динамика, ако ја прекиниме динамиката со прволигашки настапи и младинските школи, тој вакум од прекинот не се надоместува така лесно, така да само би го замолил г-дин Тони да ни објасне во делот на ракометот како функционира целосно. Благодарам.

ПРЕТСТАВНИК ОД РАКОМЕТНИОТ КЛУБ: Ракометниот клуб како таков постои 8 години, од 2014 година кога е формиран од нас, неколку ентузијасти, коишто во таа работа влеговме волонтерски и до ден денеска на таков начин го водиме овој клуб, ги поминавме сите можни патишта и скали коишто водат во овој спорт. Значи денес РК Тиквеш е меѓу неколкуте најдобри, изимајќи го Вардар и Пелистер, коишто се европски тимови, останатите тимови коишто во онаа втора група сме и ние. Минатата година го зедовме петто место. За многу малку го изгубивме пласманот за во европските натпреварувања, се надеваме дека оваа година ќе го постигниме тој резултат.Интуицијата како и на сите други спортови и нас ни е да се инвестира во млади играчи. Ние имаме тројца кадетски репрезентативци од нашиот тим, коишто се моментално на припреми со Младинската репрезентација за Европско наттпреварување во Литванија, во градот Рига.Минатата година имавме 3 тима пријавено младинска, кадетска и пионерска. Пионерите беа најдобри, влегоа во Фајнал Форот и го заседоа четвртото место. Како ќе се одвиваат оваа година работите тоа никој не може да го каже однапред меѓутоа работиме, имаме повеќе тренери, ги бараме ангажман на сите поранешни ракометари. Ние што го водиме клубот не сме ракометари. Ние сме само љубители на спортот, а ги уклучуваме во работа со младите категории буквално сите оние бивши ракометари, ракометни имиња кои што нешто значат во овој град за да ни помогнат и да ги направат тие деца да растат и да се развиваат. Кавадарци е мала средина . Кавадарци

во денешниот модерен спорт колку и да се инвестира, доколку се сака клубот да има добри резултати, да се натпреварува и во европските такмичења, не може сам Кавадарци да го постигне тоа. Никојпат ние како мала средина не можиме да дојдиме до тоа, но со текот на времето можеме да изградиме неколку играчи кои што би биле столб на екипата околу се што друго би се вртело. Сега за сега ситуацијата ни е добра, немаме како клуб долгови, немаме обврски спрема никого неисплатено, имаме неколку играчи од страна кои што ни се носители,но пред се младинските играчи кои што ни се дел од кадетската репрезентација очекуваме за кратко време да бидат носители на играта, а како ќе се развиваат понатаму работите, тоа не е благодарно да се зборува сега, меѓутоа сум доста оптимист бидејќи клубот секојдневно секоја година расте и се развива. Не знам некој нешто ако сака да праша слободно.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Секогаш сум поодршка на спорт, ама имам една замерка према РК, обврската на Јасмин 2-3 години не тендерцира и јас салата ја оставам како небитна работа, а и ние сме на раб на опстанување. Сега спортот ако сите го следат и дават пари, овие мали пари се за сала да ги дават, имаме услови за работа и салата да опстанува. Прашањето би било упатено према Градоначалникот неколку пати од моја страна има обеќање од вашата управа дека ќе ги дадат тие пари, а сега ние сме оптеретени со едно вработување и математиката покажува ако треба 6 000 000, да дадеме 7 000 000 ама да ја сервисираме и Јасмин. Нема да можеме да дадиме услуга ако не ги земеме. Тие следуваат некаде 700 000, 800 000 само Ракометниот Клуб . Не е голема сума, ама

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче извини што ќе те прекинам, јас мислам денеска веќе ги уплатија средствата од нив. Изгледа не сте во комуникација со директорката убаво.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Ние сме во комуникација, али Градоначалник треба да ми каже уплатија ....

ГРАДОНАЧАЛНИК: До крајот на август да се расчистат на 0. Ова изворна информација.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Да не се должи мене ми е до ракометот дојдено

ПРЕТСТАВНИК ОД РАКОМЕТНИОТ КЛУБ: Добро. СС Јасмин е една од ретките спортски објекти кој што не е државен, него е под општинска капа. И клубот е под општинска капа. Доминантен сопственик и акционер на клубот е Општината. Така да ние, јас Спортската сала и ГРК не ги гледам како два различни субјекти. Тоа е едно исто. Тоа не може да ги поделиме тие две работи. Ако ние не би биле Спортската сала би била празна.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Имаме од Раководството на РК Тиквеш претставник чисто онака информативно за јавноста, не знам дали сте запознати колегите советници и општо јавноста во Кавадарци, значи досега најскапиот трансфер во ракометната историја на Р. Македонија се случил токму од играч кој што е купен од Тиквеш во тогашниот Металург кој што беше во првите 8 екипи во Европа. Чисто онака информативно. Има врска. Знам дека нема врска , пошто разговараме нели за тие младински категории. Сакам да кажам дека Кавадарци отсекогаш бил извор на млади и добри спортисти и мислам дека така продолжуваме и во иднина.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Вака јас сакам да поставам едно прашање. Од која возраст децата почнуваат да тренираат ракомет и дали плаќаат услуги, мислам надоместок за месечното тренирање.
ПРЕТСТАВНИК ОД РАКОМЕТНИОТ КЛУБ: До 15 години,да младинска школа си плаќа надоместок.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: И плаќаат превоз.
ПРЕТСТАВНИК ОД РАКОМЕТНИОТ КЛУБ: Тоа е симболично само за превоз, само да можат да се покријат трошковите на тренерите.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Добро и плаќаат за превоз кога одите настарана или не.
ПРЕТСТАВНИК ОД РАКОМЕТНИОТ КЛУБ: Мислам дека не.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Оти знам тоа го плаќаат младите фудбалери што тренираат.
ПРЕТСТАВНИК ОД РАКОМЕТНИОТ КЛУБ: Кај нас не се плаќа .
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: И тоа сакав баш да пренесам дека има деца што се добро талентирани, но не се во можност да ги покриват. Може не се за некои фамилии големи трошоци, за некои не се. И во ред . Но сметам дека треба да се направи напор и да се види кај тие деца што се талентирани, а тоа е пречка да се направи нешто да се бесплатно тренираат и да им се овозможи да можат да продолжат . Има се плаќа во фудбалот. И превозот им се плаќа.
ПРЕТСТАВНИК ОД РАКОМЕТНИОТ КЛУБ: Тие што се под нашата капа не плаќаат.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Да се води. Ми беше зборот да се води сметка посебно за талентираните што натаму можат да постигнат големи успеси на тоа поле.
ПРЕТСТАВНИК ОД РАКОМЕТНИОТ КЛУБ: Тие што се под наша капа не плаќаат, а за она што е надвор од клубот, тоа е нешто друго. За тоа ние не можеме да разговараме.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не значи дека ако имаме прволигаши, дека ќе имаме и продукција на играчи од Кавадарци. Јас ќе ви дадам класичен

пример во однос на кошарката и како неинвестирањето во младински категории и во младински играчи, да после 15 години, можда и повеќе прва лига кошарка во 2006 ми се чине Кошаркарскиот Клуб Фени, па сега ЕвроНикел прва лига е, немаме произведено ниту еден кошаркар, а претходно од цела прав петорка на Македонска репрезентација, од 5 играчи тројца биле од Кавадарци. Играеле во силни. Па сега не знам дали е случајно. Меѓутоа тоа е како пример. Не значи дека ако имаме прва лига и ако продолжиме на овој начин дека утре би имале продукција на млади играчи од Општина Кавадарци. Значи според мене треба да се инвестира во тие младински школи, да се инвестира во надградување на знаење на тренерите. Не се исти методите за тренинг пред 30 години и сега исто како што не е ништо исто сега и пред 30 години . Тоа ми беше само забелешката. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Бидејќи е исцрпен Дневниот ред отвараме претрес , точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно вклучувајќи ги и заклучоците.

3. Предлог-Одлука за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

4. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар, „Градски Пазар со подземен паркинг„ сопственост на Општина Кавадарци, без надомест на ЈП„Комуналец„ Кавадарци и ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, заради вршење на дејност;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

5. Предлог-Програма за изградба на типска училишна спортска сала на градежна парцела ГП 4.7 (ООУ „Димката А габерот„ с.Сопот), од УПСза с.Сопот, Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Повели.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Значи кратко. За поздравување е нели овоа отпочнување на овие спортски сали по месни заедници, кои што се предвидени мислам 5 Сопот, Дреново, Возарци, Марена и Глишиќ. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. 1 воздржан и сите останати за. 18 за.

7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со namените на земјиштето;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. 1 воздржан, 18 за.

8. Предлог-Одлука за одредување на Проектот „ Присопособување на патната инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште на м.в Шамаците Општина Кавадарци", како приоритетен проект на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

9. Предлог-Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата;

Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

10. Предлог-Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

11. Предлог-Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

12. Предлог-Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

13. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

14. Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на Библиотека„Феткин„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

15. Предлог-Одлука за примање донација –Инсталација на ЛЕД позадина на Градски Пазар во Општина Кавадарци од Друштво за производство трговија и услуги “Кожувчанка” ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

16. Предлог-Решение за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Повели Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател, медиуми, присутни, граѓани. Со оваа Комисија за формирање на Комисија за проценка и оценување на висината на штета од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци се предлагаат: Зоран Младеновски како Претседател, Димитар Радњански член, Доне Илов член, Веса Богева член и Филип Тасев член.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ Благодарам. Предлогот го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

17. Предлог-Одлука за давање согласност на измена на Годишен План за вработување за 2022 година на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион – Тиквеш-Кавадарци;

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи според измената и дополнувањето на Годишниот План за вработување за 2022 година оваа институција Локален Вински Музеј нема вработени, ниту се планира да се вработат до крај на година. Значи според нашите последни, според мои последни информации според извештаиите што сме ги имале од оваа институција сите моментално вработени се со договор на дело. Значи Директорот и двајцата вработени што не е во ред, значи барем во Планот за вработување за 2022 година требаше да бидат испланирани тие вработувања, затоа што многу пати досега позитивно беа оценувани извештаите на работењето на оваа институција, иако ние како советничка група многу пати имавме добронамерни критики во врска со работењето на оваа институција и некои наши предлози како би требало да функционира оваа институција, а веќе со Планот за 2023 ссе планираат нови вработувања 7. Значи за оваа институција, да се планираат 7 нови вработувања и тоа по 6 месеци. Значи тие вработувања се планираат од 1-ви јули 2023 година. За сите тие 7 вработувања планирани финансиски средства се 1 650 000 денари или 27 000 000 евра, што ќе бидат директно терет на Општина Кавадарци, затоа што оваа институција нема свои приходи, ниту пак се навестени дека ќе има приходи. Кога баравме ние како да се бара начин како да оваа институција биде и финансиски покриена и да обезбеди дел, сопствени

приходи да си ги покрие своите трошоци наидувавме на одговор дека институцијата е така замислена да биде финансирана од Општина Кавадарци и да си продолжи со своето работење на тој начин. Значи реално овие 7 вработувања нема да може да се остварат и моментално штом оваа институција работи со тројца вработени, подобро ќе беше да добиеме таков план каде што конкретно ќе се покријат овие тројца вработени, тие 3 работни места. Веројатно тие 3 работни места што сега се покриени со вработени се најважните, најбитните и заради тоа ги има, а со овој план подеднаква важност му се дават на 7 работни места . Сигурно не е така, така што ако има претставник од Локалниот Вински Музеј да ни објасни зошто овие места токму се ставени и дали се сите со исто значење. Би сакала да добијам одговор. Ако не јас сум против овој План за вработување на Локалниот Вински Музеј. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Моментално нема претставник.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 1 воздржан. Колку се против. Изгласано е.

Процедурално.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не е проблем во гласање.. Вие гласате се и ние не сме против тоа што се гласа. Проблемот е сега да имаме тројца вработени, ги маткаме 2 години договор , па договор. Дали оваа година ќе ги реализираме тие 3 вработувања, за наредна година Планот да го гласаме. Не сум јас против да има уште 7. Нека има и 17. Да видиме што направивме со овие 3 досега, па после план за наредни 7. Немаме ниеден, ние бараме плус 7. Значи имаме 0 и бараме плус 7. Дали овие 3 вработувања оваа година ќе се реализираат, односно 2, пошто директорот е назначен. Значи одговор бараме од Градоначалникот или од вас како Претседател. Дали оваа година ќе реализираме овие 2 вработувања, а за наредните не сум јас против да има уште 7, уште 17 нека има, ќе бидам за.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката е изгласана.

18. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка.Дали некој бара збор. Повели Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани значи според Годишниот план за вработување на Општина Кавадарци, го разгледувавме пред некоја седница, исто така беше на Дневен ред за 2022 година и тогаш кажав. Го разгледувавме на некоја од претходните седници и тогаш кажав и сега ќе повторам значи бројот што се планираше за 2022, сега се потврдува во овој план е 87 за 2022 година, а понуден е сега значи и Планот за вработување

за 2023 80. Бидејќи во Планот се стават сите вработувања што според систематизација, претпоставувам дека се сите. Сега немам во предвид дали комплетно се сите. Тоа се многу како број, што реално е неостварливо, но се стават како начин комоција да можат да се вработат во наредниот период луѓе кои што не знам дали би биле неопходни. Значи најдобро е во самиот план за вработување да ги имаме ние како советници понудено тие работни места што се неопходни. Сигурно овие 87 не се сите со исто значење и потреба за одделните сектори во рамките на Општината. Значи за 2023 се планираат 80. Значи истите луѓе што се планираа за 2022 ги планираме за 2023 и сега ни доаѓа малку и нелогична последната табела каде што како стартна позиција ние имаме 219 вработени, а планираме дополнително 80. Значи во овие годишни планови за вработување треба да добиеме реална слика кои работни места што се слободни, испразнети или непополнети досега се реално потребни на оваа институција, се потребни на Општината за да може Општината да функционира и да ги задоволи потребите на сите граѓани на Општина Кавадарци .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Веса Богева. Дали некој друг бара збор. Повели.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Имаме точка на Дневен ред Годишен план за вработување за 2023 година. Врз основа на она што е претставено во Годишниот план за вработување ние за за наредната година гледаме дека сите оние места кои што се предвидени врз основа на систематизацијата на Општина Кавадарци се стават во Планот за вработувања за 2023 година. Зошто тоа се прави. Со цел да се даде одредена комоција, да во било кој временски период 2022/2023 година да се направи било какво вработување. Она што јас сметам дека треба да стои во Годишниот План за вработување е да бидат искажани оние реални потреби, реални планирања за вработувања и во оваа година и во текот на наредната година. Значи не може Општината да предвиде кои кадри и се неопходни во период од година и пол и истите да ни ги доставе со конкретни места и со конкретни образложенија зошто бара да бидат вметнати во планот за вработување. Вака се дава само една можност да утре без никаква оправданост да се прават вработувања во Општина Кавадарци и мислам дека треба да Општина Кавадарци точно во овој план да детектира кои се тие вработувања кои што треба да ги прави за наредната година и истите да бидат наведени во планот. Ние пред неколку седници дискутираме тука еден саат за план за вработување за едно работно место, а сега оваа за 80 работни места го миниме туку така. Мислам дека овоа е не во ред според мене. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани значи кога правиме збор за планирање, нели кога го планираме буџетот, го планираме врз основа на

нешто што планираме да го направиме, ама до реализацијата имаме уште многу точки. Така да планирањето и самиот колега кажа е ставање во комоција во делот кога ќе ти треба тоа работно место да се потполне, да ти биде планирано за да може да го реализираш. Во планот се стават нели и предвидувањата коишто во наредната година и оваа година треба да отидат некои лица во пензија. Тоа значи дека мора да ги испланираш, мора да ги ставиш за да можеш да ги надополниш. Ако моментално нема потреба од 80 лица нема да бидат и вработени. Меѓутоа ти мора да ти бидат испланирани. Ако не ги испланираш и ако не ги изменацираш покасно ќе ти се јаве проблем, дека неможиш да го вработиш лицето, па ќе трпе работата на Општината. Така да планот е една работа, реализацијата сосема друга работа. Мислам дајте да бидеме реални. Значи не се мине така. Зборуваме за планирање на работни места, кои што се неопходни, односно потреба за функционирање на Општината. Не значи дека се сите нови. Ама за планирање правиме муабет. По основ на пензионирање може ќе има, односно ќе има сигурно. Доколку сакаш ќе испаднат од службите, ќе кажат кои се тие и зошто се .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Деловнички ајде.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега јас не зборувам за лицата кои што одат во пензија. Знае ли Општина Кавадарци кои лица одат во пензија и кои работни места истите ги потполнуват и кои би биле испразнати во наредните 2 години. Тоа е многу лесно да се процене. Меѓутоа да ја ставите цела систематизација, сите работни места во нешто што треба да биде Оперативен план за вработување за оваа година, за наредната година мислам дека е не во ред. Нели ги знае Општината кои се потребите за дефицитарен кадар кој што треба да ги предвиде за оваа година и за наредната година. Сигурно ги знае. Ама зошто не ги ставите ако ги знаете само тие. Тоа е проблемот.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам. Значи колега во самите материјали, во Планот за вработување кој што ни е пуштен има детално образложение за која позиција, за кое работно место станува збор и по кој основ нели се планира тоа вработување, дали е по основ на пензионирање или по основ на зголемен обем на работа или некоја друга ситуација. Така да тоа го имаше во материјалите и сега незнам зошто би дискутирале тука. Значи има образложено кои се по основ на пензионирање, кои се по зголемен обем на работа. И самите гледаме дека во изминативе 5 години Општина Кавадарци се движи со едно позабрзано темпо, позголемен обем на работа и дел од тие планирани вработувања кои што планираат. Не значи дека сите овие вработувања кои се внесени таму во План ќе бидат реализирани. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели претставник на општинската администрација.
ЈАСМИНКА ЃОРЃИЕВА ТОДОРОВ: Почитувани присутни. Во врска со точката на Дневниот ред за донесување на Годишниот план за вработување за 2023 година морам да кажам дека тоа е законска обврска на Општината, каде што мора да биде донесен актот најкасно до август месец во тековната година да има правно дејство за наредната 2023 година. Имајќи ја во предвид бројката дека соодветствува, ги вклучува сите досега, која изнесува 136, во која се вметнати сите административни службеници вработени, помошно техничкиот персонал во Општина Кавадарци и вработените во ТППЕ Кавадарци . Планирањето со овој годишен план значи само фактичко предвидување на сето она што е предвидено во актот за систематизација. Ако се вратиме наназад ретроспективно ќе видиме дека бројката на вработени е стабилна и изнесува 111 , 110,111, наназад сите години од кога е во сила донесувањето на Годишниот план за вработување. Со оглед на тоа што се работи бидејќи ова е аморфна маса, има природен одлив на кадри, има одлив на кадри по основ на заминување, пензионирање, прераспоредување, мобилност, спогодба во други институции. Не дај боже и таква ситуација по основ на некој престанок. Слободните работни места се претставени од практична причина бидејќи во спротивно треба на секоја седница да носиме Измена на Годишен План за вработување, кој натаму откога ќе биде донесен овде подлежи на верификација на контрола во Министерство за информатичко општество и администрација. Значи не е носењето конечно овде и да можеме да пристапиме кон распишување на јавни, интерни или не знам какви огласи. Во овој план се сублимирани и унапредувањата и сите движења на општинската администрација. Наназад како што реков во сите годишни планови е бројката иста. Ние немаме зголемување во бројот на работните места, ниту предвидени нови работни места. Ова е законска обврска што секоја институција мора да го донесе до крајот на месец август, а да важи за наредната година.Ви благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧЕ РАМОВ: Благодарам. Повели Градоначалник.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Загриженоста во делот на вработувањата е нормална работа. И јас да сум на ваше место вака би реагирал. И кога ќе видам План за вработување 80 отворени места ќе се уплашам нормално. Благодарам на Секторот за човекови ресурси за нивното излагање . На самиот почеток од овој мандат, на првата координација и запознавање со политичките чинители и со самите советници предложив една работа, не добив одговор и стојам позади таа работа. Мониторинг Меморандум, Записник од сите партии, индивидуални чинители на Советот, мониторинг на вработувањата и замрзнување на вработувањата во делот на непотребно проширување. Со

таа работа ќе си олесниме сите на сите. Основ на вработување само проширена дејност, зголемен обем на работа или прекин на работно место од различни причини. Стојам позади тоа. Доколку сакате и имате можност да тој Меморандум го направиме, го потпишиме сите заеднички и биде меморандум во делот на вработувањата, не само за Општината, за сите јавни институции и се што подлеже под Општина Кавадарци. Значи јас сум пак за тоа и стојам на располагање да го направиме, а во делот на она што го имаме како план за вработување, јас одговорно, домаќински тврдам, како што кажа и нашата советничка тука дека и службите вработените во изминативе 4 години се движат во таа бројка, од 110,111 , 109,112. Не сме ни превработиле, ниту испуштиле, така да стабилен е бројот на вработени во Општина Кавадарци , не е зголемен по ниту еден основ, освен по основ на обем на зголемување на работа али најдобра работа е Меморандум на вработувањата на сите јавни институции и Општина Кавадарци. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Дали некој друг бара збор и ако не бара точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11. Против 8.

19. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 годинанаЈОУ Дом на култура,,Иван Мазов Климе,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање.11 за. Против. 5 .Воздржан 1.

20. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 годинана Локален Музеј Галерија Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Ја ставам на гласање. 11 за. 1 воздржан..5 против.

21. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на СО ЗШУ,,Ѓорче Петров,, Кавадарци;

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Истата ја ставам на гласање. Кој е за. 1 воздржан . 2 против и 16 за.

22. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ,,Тоде Хаџи Тефов,, Кавадарци;

Кој е за. 18 за . 1 воздржан.

23. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци;

1 воздржан.

24. Измена на Годишна Програма со финансов план на КСП ПОДИУМ ЈАДРО Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Кој е за.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Може образложение пошто не се сите дел од Комисија. Образложение за што станува точно збор во точката. За која измена.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред образложението ќе го даде. Каде е Сања.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас накратко пошто бев присутен на Комисијата. Значи беше доставена програма каде требаше да се финансира одредена сума за мозаик, ми се чине. Ја извадиме, не ја поминавме на Комисија за финансии и сабајлето стигна мислам дека ќе побаруваат донации, тие што се предвидени за плата. Од донации. За тоа што беше за мозаикот, за тоа беше идејата . Во ред е.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Советниче. Кој е за. 12 за. Круме значи не се бараат донации од Општината, туку парите ќе ги обезбедат од сопствени извори. Програмата мора да се помине, а средствата ќе бидат обезбедени од нивни средства.
25. Измена на Програма за Традиционален Фестивал,, Гроздобер 2022,, поднесена од Иноватива ГРУП ДОО Скопје ;
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Ова што се случи со реакциите по носењето на Предлог-Програмата претходниот Совет е типичен пример што значи да се носат одлуки и предлози без да се консултира јавноста. Многу подобро е пред да се стават такви предлози за настани кои што се од јавен интерес да се изврши мониторинг и сондажа на јавното мислење, дали е тоа преку социјални медиуми, преку анкети и слично со цел да се утврди најсоодветниот предлог и тоа да се земе во обзир, затоа што настанот се организира за граѓаните. Е сега не само што не беше консултирана јавноста пред да биде донесен предлогот, тукуи се гласаше предлог со заклучокот дека ќе се исплатат 50% од финансиите одма во рок од 7 дена врз основ на склучени договори. Значи договори биле склучени и сега треба одма да се покријата финансиите во рок од 7 дена. Сметам дека тоа не е во ред и сакам да прашам кој ќе ја сноси одговорноста за таквата постапка. Се бара да се исплатат средства врз договори, а после не е тој артист друг артист.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ:..Се базират средствата, тек склучување догвовор, а не врз склучен договор. Значи во моментот после склучување договор се прибираат дека е 50% висината.Немаше склучен договор со тој уметник, склучен договор со нов уметник така да сметам треба да бидат парите на сметката на сегашниот изведувач. И многу убаво да барате да биде консултиран народот , добро е да го слушните народот што бара. Благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Има тука едно барање кое што беше закачено со претходната програма кое што вика вака
За авансна исплата од 50% од средства од Општина Кавадарци, а планирани за манифестација Тиквешки Гроздобер 2022 година ќе се користат за плаќање по основ на договор за учество музички настап на ангажираните учесници. Значи склучен ли е договорот или не. Со кој треба да се склуче договорот. Не, не. Кој го склучува договорот. Иноватива. А како ние од Општина Кавадарци на социјални мрежи го откажуваме настапот. Јас не верувам дека може да ангажираме ние одредена ѕвезда, да ја ставиме тука на гласање без да таа се заштите од евентуална таква ситуација да се откаже настан. Јас искрено не верувам во таква пракса заради тоа што сметам дека тие имат продукциски, мислам менаџерски тимови коишто треба да ги заштитат баш токму од откажување на настан, токму од таква ситуација.Али може да се ставе клаузула дека веднаш по одобрувањето и гласањето тија договор влегува во сила. Значи има заштитни механизми кои што можат да се стават во договорите. Затоа мислам дека е матна работата.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници. Бидејќи е исцрпен Дневниот ред, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 2 против и 11 за.

26. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за регулиран период 2021-2023, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Повели Директоре образложување за самата точка.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ: Покачувањето на цените за изменување на одлуката за изменување на тарифите за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Комуналец Кавадарци се на основа на цените донесени од Регулаторната Комисија од 21.09.20 година, меѓутоа тие цени, тие податоци се земени на основа податоците земени врз основа на 2019 година. Е сега сите знаеме 2019 година кои беа цените нели на гориво, кои беа на другите репроматеријали. Горивото во 2019 беше 40,50 денари, сега знаеме колку е. Исто и сите други репроматеријали. Енергијата беше 2,3 денари, сега е над 10 денара, 15 денара .Значи на основа на тоа за одржување на системот на зголемени трошкови, што значи дека нашите на пример влезни средства се на основа на наплата на вода и така да мораме да ја покачиме оваа цена, мада мислам дека и таа ќе трпе измени. Ние се движиме во рамките на минималните цени, значи на минималните цени во државата. Само за ваше сознание на пр. Струмица, Велес, Штип на сите цената на вода им е над 30 денари. Значи

во понеделник сега ми стигна известување АТХОМЕ во понеделник и ќе има излагање, барање доставено до Влада на пример за субвенционирање на енергијата и енергенсите и горивото во наредниот период. Зошто. Заради тоа што сите комунални претпријатија се пред колапс. Значи енормно се зголемени цените и не можат да функционират. Поради тоа го правиме тоа зголемување, кое што е пак ќе нагласам минимално. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Повели Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Сметам дека ЈП кое што имаше огромно добивки изминатиов период можело да планира трошкови зголемени за вода, за да не ги покачува цените на граѓаните сега на еден подолг период. Тоа се големи, ги видовте. Треба значи да се планира дека некогаш нормално варират цените за да не го осетат тоа граѓаните, значи да нема покачување на сметките за вода кај граѓаните.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Исто и државата можеше да планира, да се откаже од акцизата за нафтени деривати за да ни биде поевтина нафтата бидејќи Комуналец има 96 возила што се грижат за јавна хигиена и за функционирање на самото претпријатие. Можете да ги извадите да видете колку се трошело претходно со една цена, сега со друга цена.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Јавноста не знае за тоа или ретко кој знае, но истата ова одлука беше или Предлог одлука беше ставена, ја добивме и на 10.03.2022 година кога во непосреден договор тука на Комисиска расправа одлучивме да се тргне од Дневен ред и тогаш не беше поскапена водата. Во однос на тоа да видиме новиот менаџмент на ЈП Комуналец дали ќе успее да ја доведе ликвидноста на работењето во таа мера доволно добро за да не се поскапи водата. Водата како ресурс е таа. Доколку има поскапување на цената на нафтените деривати можеби треба и некои од останатите услуги да се поскапат, а не водата, а и од друга старана ЈП Комуналец има една од најголемите, најшироките надлежности на дејности во нашата општина, па така и искористувањето на обновливите извори на енергија често се споменувани како начин на приход на ова ЈП, но во ред еве штом ВМРО ДПМНЕ кое што моментално се на власт одлучиле да ја поскапат водата во Општина Кавадарци. Со тоа паѓаат во вода и шпекулациите дека се во коалиција со Левица, заради тоа што социјална партија како Левица никогаш не би била во коалиција со партија која поскапува вода и сака инсфрустрирана состојба кај народот. Фала.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани станува збор за нетрадиционална, како да кажам мерка која што никој не ја посакува

нели, меѓутоа дојдовме во ситуација да го направиме водаснабдувањето во Кавадарци од едно одлично водоснабдување, каде што немаме рестрикции, каде што има редовна вода, да дојдиме на ред да биде водоснабдувањето во прашање прва работа, втора работа кога збориме за покачувањето на нафтените деривати, може не влијае директно на снабдувањето со вода, меѓутоа влијае директно на набавката на резервните делови кои што ги има дефектите на самата инсталација. Знаеме за да се отиде, да се поправе дефект, треба да се отиде со камион, треба да отиде со багер, треба да отиде со работници, треба да купе нови делови. Тие камиони работат на нафта, не работат на вода една работа, друго како што кажа директорот добро би било дражавата во овој момент на сите ЈП-ја, не само на нашето да испадната со субвенционирана нафта, да можат да функционират нормално претпријатијата кои што се опфатени со оваа работа, така да сметам дека не станува збор за покачување кое што ние сакаме да го направиме, него станува збор врз основа на покачување на Регулаторна Комисија. Регулаторната Комисија е таа која што врз основа на изготевен бизнис план на ЈП Комуналец ги дава цените во кои што треба да се движат цените за снабдување на вода на Општина Кавадарци. Така да сметам дека во моментовсе врши само порамнување на цените со цените на Регулаторна Комисија, а не покачување на цените, кои што ние сакаме да ги направиме. Значи воопшто не сакаме да ги покачиме цените меѓутоа мораме да ги покачиме цените и да ги изрегулираме со Регулаторна Комисија. Благодарам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Го слушав внимателно директорот и директорот е нормално да бара како менаџер по мене. Треба ние да видеме ние шестиот месец директоре, во извештајот бројките да ги видиме во кој правец се движиш, истото го имам во план и со сала Јасмин во 10 –ти месец неизбежен е ребаланс, да бараме пари од буџетот и за Салата и за Комуналец. Пред малку видов дека од Комуналец парите што треба да одат за Зеленило или таму што требаше, Општината ги ребалансираше, Градоначалникот не ви ги даде и сега подобро решение 10-ти месец кога ќе ги видиме извештаите од 6-от месец да правиме некој план, да не ги оптеретиме граѓаните со давачки. Да видиме каква ќе биде и оваа енергетска криза дали зголемена намалена со струја, со нафта. И ако треба да зголемиме тогаш ќе го зголемиме, али насоката не е да зголемиме него ако можеме да покриеме од буџет. Во друго е работата. Работата е во тоа што Градоначалникот ова што го збори дека не вработува, тој ја заврши таа работа, по директ не од што сака, од што беше принуден, мораше, турен е во подредена улога да мора да почитува наредба од повисоко ниво и сега доаѓа во офсајд. Градоначалникот не

испуштил направил добар гест е сега има проблем партиските овие што трчаат, оваа вашата нова коалиција Социјалистичка со коалиција Левица и СДСМ тие влегоа веќе во коалиција предизборна, се борат за парламентарни избори и на последните седници, минатата седница привилегиите си ги поделија со новото ова претпрјатие за автобуси, си ставија таму Управни одбори, тројцата независни советници не ги рачунаат за ништо пошто тие идат на локални избори, парламентарни избори за нив не важат. Сега уште Комуналец да стават цена можат до избори уште 10-15 луѓе што трчат, да стават и да покријат со плата. Градоначалник ова не ми викај мене, го знаеш и затоа да одложиме за 10-ти месец. Да најдиме некој друг начин, подобар или барем да го поврзиме поскапувањето со покачувањето на платите на вработените. Ако вработените добијат уште по 1000, 2000 денари на плата, тогаш нема да речам зошто покачува водата, нека покачи. Сега ти на Комуналец, на работникот платата му е 18, му тураш поскапа вода,му правиш на 17, му намалуваш плата . На таа проблематика да размислиме и да го ставиме како што го одложивме еднаш нека оди до 10-ти месец, да видиме дали е Комуналец во кондиција. Тие продаваат струја, може ќе бидат во добра кондиција, може овие што ги вработивте ќе ви избегаат, ќе се налутат малку у плата и ќе речат ајде идиме пак дома, нема потреба од поскапување. Благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Пред нас е истата точка која што ја имавме исто пред некој месец, која што беше во тој временски период повлечена. Тоа е зголемување на тарифа за вода, која што сега изнесува 18,97 на 20.9 за 2022 година за физички лица и на 21.99 за 2022 година и тоа се прави во летен период каде што потрошувачката на вода сметам дека за физичките лица е најголема и мислам дека не е во ред да во овој временски период правиме одредени зголемувања на цената на вода за пиење. Ако ги спoредиме цените како се движеле и сметките кои што граѓаните ги плаќале пред 4,5 години и истите ги споредиме со оние сега, значи можиме да забележиме дека неколку пати на скоро сите ставки е направено двојно зголемување. Така да сметките кои што ги плаќаат граѓаните за комунални услуги се за повеќе од двојно зголемени.2017 година ние имавме ЈП кое што и јас сметам дека не е во ред работеше со добивка. ЈП не смее да работи со добивка меѓутоа тоа е еден капитал кој што бил наследен тогаш за идно работење и исто така беше ЈП кое што немаше долгови и кое што немаше проблеми во делот на функционирање во делот на ликвидноста која што за жал сега не е така и тоа можеме да го видиме од она што претставува квартални извештаи за кредитирањата на ЈП Комуналец. Јас мислам дека оваа точка не треба да оди. Мислам дека не треба да ја гласаме за заради тоа што

требало претходно да мислиме кога сме донесувале таква одлука за зголемување на комунални услуги, како требало да мислиме да оставиме простор баш за овакви времиња, овакви кризни периоди. Ви благодарам.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Значи на денешната седница во моментот имаме точка на Дневен ред Предлог одлука за давање согласност на одлука за изменување на одлуката за тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Комуналец Кавадарци за регулиран период од 2021 до 2023 година донесено од Управен Одбор на ова ЈП. После тоа ни следи нели точка која што ќе биде нели на Дневен ред Предлог Одлука за давање согласност на одлука за изменување на одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води. Тука јас не знам зошто дел од советниците ја бараат проблематиката нели во самата Општина или во ЈП. Проблематиката јас би ја барал малку на повисоко ниво . Се соочуваме со една светска економска криза, каде што неколку пати спомнавме во претходните дискусии имаме покачување на нафтени деривати, енормно покачување на ел. енергија. Со тоа самото си повлекува покачување на основни прехрамбени продукти. Значи оваа одлука е одлука која што е изгласана од претходно по насока и по наод на Регулаторна Комисија која што важи за периодот од 2021- 2023. Значи тоа е рамка точно, рамка од Регулаторна Комисија и можеме да видиме сите дека Општина Кавадарци може тоа слободно да го побараме дека Општина Кавадарци со оваа одлука ќе плаќа најниски цени, т.е. најниска тарифа за вода за пиење и за урбани отпадни води. Советникот од Левица исто така кој што излезе претходно да дискутира го спомна ВМРО ДПМНЕ како главен виновник за оваа ситуација. Јас не го гледам тоа така. Колега ако нема дволичност кај вас како партија, значи нема да склучувате коалиција во некои општини каде што ви одговара, каде што нели учествувате во Управни, Надзорни Одбори, во функционерски места, туку ќе ја барате нели оваа кривица во самата држава, која што не воведила некои анти кризни мерки се со цел како општество да се соочиме многу полесно и поедноставно со оваа светска економска криза. Инаку никој не е за покачување на цените и за овакви неатрактивни мерки. Благодарам.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани како прво сакам да бидеме на јасно.Значи цената за покачување, мислам одлуката за покачување на цената на водата ја носи Советот на Општина Кавадарци. Регулаторната Комисија и дваjцата советници. Да ја дава рамката, не наложува. Советникот Перо кажа дека нас ни наложува Регулаторната Комисија да ја покачиме водата. Не него ги дава рамките. Така кажавте значи . Ние носиме тука одлука дали ќе ја покачиме водата или не. Според

последниот извештај од ЈП Комуналец приходите од вода беа на задоволително ниво, ги спрема за снабдување на градот со вода.Кажав и претходно значи трошоците за јавна чистота, за зеленило тука се големи и не се покриват со приходите што ги добиват од Општина. Сега со ребалансот ние ги намалуваме тие средства и Градоначалникот кажа дека не е проблем јавната чистота, зеленилото ќе бидат пак на истото ниво, нема да биде градот понечист или ќе се намали квалитетот. Трошоците за да се одржи чистотата на ова ниво како што е досега со помалку средства ќе биде на терет на Комуналец, Комуналец тоа ќе го покрие од Хидроцентралите, приходите што ги има од хидроцентралите. Така што сметам како што уште во март месец донесовме одлука пред почнување на седницата да ја одложиме оваа одлука за покачување на цената во нареден период . Тоа треба да го направиме и сега . Според последниот Извештај од Комуналец не е загрозена финансиската состојба на Комуналец во делот на водоснабдување на вода и тоа ќе видиме со Извештајот после 30 .06 каква е состојбата во Комуналец, ќе имаме јасна слика и тогаш ќе можиме да донесиме одлука дали да ја користиме максималната граница на цената на вода за пиење, затоа што може важи за други општини каде што се посиромашни, каде што има помали приходи. Како Општина Кавадарци е во добра нели финансиска состојба. ЈП има добри приходи, во добра состојба. Не е во ред ние сега на граѓаните да им ја покачуваме водата. Можеби не е многу, малку е, но сепак да покажиме дека се грижиме за сите граѓани на оваа општина. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ја пратам дискусијата вака целосно и сакам само да се навратам на неколку дискусии и на неколку дискусии и неколку работи кои ги спменуваме 2017,2017,2017. Не е точно дека ЈП Комуналец немаше долг 2017. Не е точно. 42 000 000 денара ЈП имаше долг према Министерството за финансии, односно према УЈП. Во моментот има само 7 000 000 денара . За 5 години, односно за 4,5 години исплативме долг 36 000 000 денара према УЈП. Ако било толку ликвидно и имало пари оти не ги платило 42 000 000. Не е точно дека 2017 немало долг. 37 000 000 денара ЈП имаше долг према КВФ Прва Програма, кој што годишно мислам месечно плаќање по 2 000 000 денара континуирано. Од друга страна на ЈП капиталот драстично му се зголеми со 4 скипа, 2 булдужера, смеќарки, цистерни за улично одржување, метларки. Значи капиталот е зголемен со негде околу 60-70 000 000 денара во плус како капитал.Ликвидно работе претпријатието,меѓутоа предвидувањата од друга страна, само ќе ви кажам 3 примери Општина Неготино ни долже 7 000 000 денара на ЈП Комуналец и не може да ни плате повеќе од 200 000 денара. Земете

пример од централно ниво.Општа Болница ни долже 6 500 000 денара. Не може да ни плате. Не дека не сака да ни плате. Значи имаме комплетен колапс во системот, а вие сега тука зборувате кој на кој должел, 2017 ќе ми кажувате. Не е точно. Не е точно дека е така. Регулаторна Комисија државата и дозволи на дневна основа да регулира со горивото. Кај го има тоа. Во Тунгузија. Денеска е 100, утре 102, другден 109.Психолоши притисок. Ќе трчат луѓето пред 12 да стават гориво за 2 денари. Ни во една држава во светот нема Регулаторна Комисија да регулира цена на гориво на дневна основа. Не оставивте како држава на централно нво струја да набавуваме на час по ден, на купекс. Денеска набавуваме 500 евра, утре 470, 550 зборуваме за да направиме план. Де ве молам направите го планот. Од друга страна прочитате вести сегашни. Ќе ги цитирам Стопанска Комора бара итна средба со Владата и Регулаторна Комисија за опстанок на реалниот сектор и јавните претпријатија. До понеделник најдоцна и со ЕСМ и со Регулаторна Комисија. Сериозна е работата. Не дека некој сака вака да биде или поинаку. АД ХОМЕ е претпријатие, здружение на сите претпријатија, бара итна средба до понеделник со Владата за субвенционирање на енергенсите и субвенционирање на електричната енергија. Не можеме да бидеме оставени на ветер. Тоа е исто како сега ние да го оставиме ЈП снајди се. Нема да се снајде. Значи одиме со план. Не е проблемот во покачувањето на водата. Реалноста на луѓето треба да му ја кажиме. Ниту струјата ќе биде 7% покачена, ниту водата ќе остане со овие 2 денара, септември, октомври доколку Владата не донесе мерки за иззимање на акцизата на нафтените деривати, за регулирање на цената на струјата, ние ќе дојдиме, ќе бидиме приморани водата да ја покачиме и на 40 и 50 ако сакаме да имаме вода. Не е до нас, ние тие пари дома не ги носиме. Сите пари ги ребалансираме во ЈП. Колку може да работе домаќински тоа претпријатие го гледаме секојдневно. Продуктивноста ја дигаме, се трудиме, менаџерскиот тим и претходен и сегашен и верувам било кој да таа продуктивност, тија 300 вработени да ја дигниме на максимално ниво. Има многу загрозени претпријатија што имат со општински капацитети и со 40, 50 000 жители со 300, со 700, со 900 вработени во ЈП, со плати не земени 4, по 5 месеци. Али да се грижиме за нашето ЈП и за Општина Кавадарци да се вратиме. Значи да му кажиме на граѓаните дека ситуацијата не ни е сјајна, да не даваме лажна надеж, да не политизираме на 2-та денара по m3, туку да ги повикаме вака. Ова ќе биде мој повик. Ги замолувам сите граѓани на Општина Кавадарци колку можат порационално да ја користат водата за пиење, да не ја користиме ненаменски и да ја користиме максимално. Јас верувам дека секое семејство може да заштеде по 3 m3 вода. Со тоа ќе ни помогне и нас , ќе си

помогне и самото семејство на себе. Нели гледате Германците што повикуваат, да го уклучуваат еднаш неделно бојлерот. Ни му викаме бањајте се секој ден по 8 пати, не го гаси бојлерот, чешмата не ја сопирај. Не треба да популизираме. Значи светот оде во друг правец. За жал ќе се оградиме од многу работи до вчера што ни беа нормални. Не зборуваме за еден моб. телефон кој што го има секое едно семејство и за еден интернет кој што го користиме како нација најмногу во Европа. Или сме наједуцирани или го злоупотребуваме интернетот. Да го злоупотребуваме. Си мирцаме, фејсбуци, мејсбуци. Се кошта. Нема ништо без пари на ваа денешница. Мојот повик е тоа. Да рационално се користе водата да може ЈП да функционира во делот на дигање на продуктивноста на ЈП. Тука ќе го бараме опстанокот, заштедување на непродуктивните трошкови, кои што ги споменав и претходно и итна мерка од Владата, како што бара и Стопанска Комора, како што бара и Ат Хоме да ни ја стабилизира цената на енергенсите. Пак ќе повторам тоа е струјата и нафтените деривати. Ако ние одиме на дневна база , што правиме, еве полимизирам, ако во октомври нафтата отиде на 3 евра, дали некој може да направе некаков план за таа работа. На слободен пазар чим си оставен, тоа се вика без татко, без мајка. Значи мораме да направиме да се трудиме заеднички сите. Верувам дека и на Владата и е тешко. Да уште потешко му е на реалниот сектор, уште потешко му е на граѓаните. Ништо нема ние да постигниме ако имаме и бесплатна вода, ако нашите граѓани не одат на работа и имаат 70% плата, а се друго се покаче х3, х4. Така да работата е покомлексна, не е на локално ниво, цела ситуација е драматично лоша, енергенсите во нашата држава за жал потенцијални нема, РЕК Битола ќе оде во ремонт работе со еден блок, ТЕЦ Неготино работе со 100 mw, инсталирана моќност на фотоволтаиците вчера имаме 45mw. Драстично ниско ниво, а имаме приватни мини хидроцентрали, која што оваа држава 20 години ги даваше на приватњаци, не ги изгради за да бидат јавни. Единствена земја во поранешна Југославија е Босна и Херцеговина, која што има вишок на ел. енергија и профитира по 100 000 000 евра годишно во овој момент. Граѓаните на Р.Босна и Херцеговина струјата ја плаќаат по 30mw/h. 30 евра извинете. А ние ја плаќаме 450. Е сега викат тоа било од Тито направено, таму имало добри услови и Тито направил хидроцентрала. Аман бре Тито виќе коските му ги изедиме. Дај да направиме нешто ни да се забележиме во овоа општество.Чебрен, Галиште го зборуваме, Козјак, не знам што, не знам како. Имаме капацитети, го зборевме и со Марјан на отворени дебатни емисии за зелена енергија, имаме ресурси, само ни треба малку ум и разум. Без пари не се праве ништо. Со многу пари може да злоупотребиш, така да мораме да ја најдиме средината и

да донесиме разумна одлука. На вас оставам, не инсистирам, не иницијатирам и нема да политизирам нити на една одлука на Советот која што ќе биде донесена, само сакам да повикам на разумност и да повикаме на неуништување на самото ЈП. Кажете ми еден продукт, еден единствен продукт што се продава во продавница, дали е прехрамбен, дали е за било која ситуација, а да не е покачен. Јас такво нешто од моите дневни намирници и потреби за семејство, не познавам како продукт, да е намален или да е непокачен најмалку со 20, 30%. За жал шеќерот ни е 52 денара, нафтата ни е 115 денара или 110, а не знаеме утре колку ќе биде, струјата ни е на ЈП во моментот 15-18 денара по kw, а ни беше 3. Тоа се драстични разлики. Треба да имаме колективна одговорност и колективно менаџирање во вакви ситуации. Не треба да политизираме. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Едно мое гледиште во врска со дадената точка. Јас едно прашање имам еве до Претседтелот на ОО на СДСМ Кавадарци бидејќи како политичка партија има претставници, односно членови во Управниот и Надзорниот Одбор во ЈП Комуналец Кавадарци. Дали нивното денешно излагање во врска за нивната загриженост околу за покачувањето на водата е негово лично гледиште или е косензуален однос на сите претставници во СДСМ од аспект дека тие едно зборуваат, а друго прават. Колку за информација на јавноста претставниците на СДСМ во Управниот и Надзорниот Одбор на ЈП Комуналец Кавадарци гласаа за покачување на водата. Значи граѓаните на Општина Кавадарци мора да го знаат тоа, а нивниот лидер сакам да ми одговори дали е во координација со претставниците од Управниот и Надзорниот говори, или они си гласаат слободно. Повели.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: К3 и ако истиот го споредиме со претходно, таму има и еден кредит убаво кажате, а тука има 4 кредити во вкупна вредност од некаде 80 000 000. Тоа е еден момент. Вториот момент во делот на зголемувањето на цените за комунални услуги. Тоа е правено 4 години наназад, со одлуки овде на Совет, се зголемувани цените на сите ставки, за комунални услуги за речиси двојно. За двојно. Тони ти си бил. Ти си ги гласал. Знаиш дека се зголемени двојно. Значи не сме предвидиле дека може во одреден временски период да дојде ваква ситуација и да оставиме простор да зголемуваме. Тоа сме го правеле претходно. Трет момент Претседтеле во однос на прашањето кое што ти ми го постави. Да ти кажам дека ставовите на советничката група на СДСМ и на политичката партија СДСМ се оние кои се дефинираат тука. Личните побуди и личните мислења зошто некој во Управен Одбор гласал за или против одредена точка е нивна лична работа. И јас во Управните Одбори не ги делам на тие на наши и ваши. Ние сме излегле

на листа, не гласале граѓаните и сме тука претставници на политичките партии во Совет на Општина Кавадарци. А зошто некој гласал во Управен Одбор на ЈП тоа е тоа. И во Надзорен добро.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Треба да знаете. Тие се предложени од вас и утре да не испадне во јавност да кажеме ние како политички постоиме, туку треба советничката група на СДСМ е против одлуката , ама очиглено дека Управен и Надзорен се од вас предложени. Оти донесувањето, замајувањето на јавноста разлика меѓу советничка група и разлика меѓу ваш член. Јас гледам како цел бод. Значи очиглено не може да ги контролирате луѓето и секој си има свое гледиште. Меѓутоа и тоа е демократија. Се слагам. Меѓутоа необично е. Утре да не испаден дека вашите членови во Управен и Надзорен биле против.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи кажав дека советничката листа излегла на избори советници, и ставовите на политичка партија СДСМ и на советничка група се презентира тука на Совет. Тоа е еден момент. Втор момент како некој гласал во рамки на Управен и Надзорен Одбор. Јас не давам на никој директива гласај вака или гласај онака, како што на пр. го правите ви. Тоа е втор момент. И на крај на краиштата Советот е оној кој што ја носе одлука. Не ја носе Управниот Одбор.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Се јавив за реплика, пошто бев прозван од страна на советникот. Точно во минатиот состав на Советот бев и јас кај што имаше нели покачување на комунални услуги. Тука имаме нели советници коишто исто така беа претходно. Тие одлуки се носеа со мнозинство од СДСМ, кој што беше мнозинство тогаш во Советот, овие исто така од Регулаторна Комисија кои што се рамките, кои што се носат на секои 3 години исто така беа гласани од страна на мнозинството на СДСМ. Прашајте ги претходните колеги коишто беа во Советот, вашите сопартијци и ќе ви кажат дали овие одлуки од Регулаторна, коишто беа доставувани до Совет не ги гласаа и вратете се наназад изминатите 3 години, нели колку биле рамката на Регулаторна од минимална и максимална цена и видете ја оваа рамка сега, дека има покачување од тогаш и има покачување нели во однос на оваа рамка која што е сега. Не е коректно вината да ја бараме нели во Општините. Не зборувам само за Општина Кавадарци. Не е коректно. Тоа е исто како во едно семејство вината за тешката економска ситуација да ја бараме во најмалиот член на тоа семејство. Значи тука како држава прво треба да се воведат антикризни мерки, каде што Општините и ЈП-ја нема да ги почувствуваат овие последици од светска економска и енергетска криза. Благодарам.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прегледајте си ги колега седниците. Јас колку што знам не е баш онака како што зборуваш дека ставот на. Јас се сеќавам на одлуката за вода и за собирање на ѓубрарина дека ставот на

советничката група бил тој. СДСМ таму имаше 9 советници заедно со коалицијата.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас само едно логичко размислување имам. Еве и тука имаме економист што воде сметководство, благодет наш советник, повеќе од 50,60 фирми. Ако Регулаторна Комисија Владата и дозволила да регулира со цената на струјата на отворен пазар на дневна основа и да регулира со цената на нафтените деривати на дневна основа зошто тогаш Владата не и дозволе на Регулаторна Комисија да регулира и со цената на водата на дневна основа. Па да видиме Регулаторна Комисија која цена ќе ја даде сега на водата. Ја ти гарантирам ќе биде не 20, 40 . Ако сега направе Регулаторна Комисија анализа и врз основа на тоа ќе биде следно. Нека ни даде тогаш и водата да ја регулираме на дневна основа. Не може едно на дневна основа да го регулираме кое што ни е енергенс секојдневен, а она што го испорачуваме да биде на 3 години. Оваа година е посебна. Оваа година не е репер за ништо. Така да ако Регулаторна Комисија е таа што ги дава цените, јас како предлог го давам и у понеделник на Ат Хоме нека регулира Регулаторна Комисија на дневна основа и со цената на водата, па ни ќе ставиме софтвер како што има и за нафтените деривати. Секоја ден ќе ја менуваме цената. Дај боже да дојде до 15 денара. Благодарам.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ:Почитувани во контекст на Градоначалникот што го кажа, во тој дел ми беше и мислата. Значи во консултација со Регулаторна Комисија и во консултација со консултанти во тој дел тие ни предлагаат да поднесиме нова бизнис тарифа, односно барање за бизнис тарифа до Регулаторна Комисија односно врз основа на овие трошоци, зголемени трошоци на 2 000 000 денари месечно за гориво на ел. енергија минималната цена во рамките на минимум и максимум би биле од сегашната поголеми за 10 денари, 12. Значи ние намерно тоа не го правиме и правиме зголемување од 2 денари. Тоа 2 денари во просечна сметка од 15 m3 вода би значела 30 денари зголемување за домаќинство. Пр. 1 литар нафта е зголемен за 50, 60 денари, а ние зборуваме за месечно. Ако граѓаните трошат 50 литри нафта просек, 2500 денари само по тој основ имаат зголемување. Ако веќе толку се грижите, нека државата се откаже од акцизата. Таму е 40, 35 е акцизата во тој дел. Значи зборуваме за незначаен износ во кој претпријатието значи ќе обезбеде вода, ѓубрето ќе се исфрла и граѓаните ќе бидата задоволни. Не е во ред да го ставиме претпријатието во лош однос, каде што 320 вработени или 320 фамилии ќе останат без плати. Значи ова е неопходно минимален износ што претпријатието ќе се задрже на ниво на рентабилно работење со овие енергетски и нафтен шок што ни се сллучува во државата. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани дали има друг збор. Повели Златевски.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Колеги јас се плашам дека Регулаторна Комисија за 2, 3 месеца рамката ќе ја зголеме на многу повеќе и затоа дајте да бидиме реални и да си кажиме, а не да продаваме популизам вака или онака. 2 денари не се многу, сите треба да ги поднесиме, лично како граѓани. И најсиромашките можат да ги поднесат тие пари. А не ме бендисува да кажуваме се на терет на Општината или се на терет на државата. Не ми се допадна многу и тија предлогот што беше од пред некој месец од страна на Левица, бесплатно градинките за кого. Треба да знаеме за кого, а не да кажуваме бесплатни градинки за сите. Не ме бендисуват и штрајковите.. Платите сите сакаме да се зголемат. Од кај ќе влеват пари во државниот буџет, од кај ќе влеват пари во општинскиот буџет, ако полека не лацнуваме по малку и сите да ја поднесиме ваа криза. Реално треба да ги гледаме работите, а не да продаваме популизам. Сите ние мислиме и докажаме дека мислиме за граѓаните со многу потези што ги направи вија Совет и ве молам трезвено и со ладни глави да донесиме одлука. Ви благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани бидејќи е исцрпен претресот по оваа точка, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. Против .8 советници.

27. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпад на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за регулиран период 2021-2023, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Дали некој бара претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 10 за. 1 воздржан и 8 против.

28. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за одредување на надоместокот за користење на пазаришен простор и погодности на Јавен пазар лоциран на ул„Зелен Пазар„ во Кавадарци , донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

29. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за давање на времено користење на движна ствар на ТППЕ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

30. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за заложување на движен имот-машини и опрема, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор .Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно.

31. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување на Годишен план за вработување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци„, за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање .8 против. 11 за.

32. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци„, за 2023 година;

Кој е за. 11 за. 8 против.

33. Предлог Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2022 година.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. Против 6.

34. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

35. Предлог-Одлука за утврдување на граница за градење под кота на терен во постапка за издавање на одобрение за градење;

Отварам претрес по оваа точка. Кој е за. 10 за. 7 воздржани.

36. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата комунални дејности на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

37. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

38.Одлука за примање од ЈП„Комуналец„ Кавадарци на трајно користење на движна ствар, донесена од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„

Отварам претрес по оваа точка. Едногласно усвоена.

39. Предлог-Одлука за давање Одобрение за користење на името на Општина Кавадарци во називот на Јавното претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. 2 против. 17 за.

40. Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци.

Дали бара некој збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Тројца против. 16 за.

41. Статутот на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци пречистен текст.

По дадената точка дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Тројца против и друзите за. 16.

42. Предлог Одлука финансов план.

На истата точка. На буџетот. Кој е за. 6 воздржани. 2 против и 11 за.

Значи преминуваме кон последната точка на денешниот Дневен ред.

Тоа е советнички прашања. Повелете кој е.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Имам две прашања. Првото прашање се однесува на едно барање од група граѓани, доставено уште 2019 година за пробивање и изградба на улица, крак во должина од 15 метри на улица Орце Николов . По тоа барање уште во 2021 година спорните парцели се, завршена е експропријацијата и во 2021 имаме комплетна експропријација и сега моето прашање е зошто не се реализира овој проект кога комплетно е се чисто околу него. И второто е зошто се чекаше на реакција на јавните, социјалните медиуми за кракот 16 Јуни денес да почне да се реализира. Стагнирано е месец, два.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Направивме мала консултација со службите од секторот. Во делот на 16 јуни беше. Да. Значи воопшто не е тактизирано и менаџирано да има реакција од граѓаните. Значи по завршување на тендерот и по завршувањето на можноста за жалба за стапување на сила на градба од договорот отпочнато е веднаш со работа. Така да тоа може да се виде во увид колку траела тендерската документација, колку време и кога е склучен договорот и кој е изведувач. Во делот на Орце Николов од 15 метра пробивање, јас сега и со службите зборував малку попрецизно, бидејќи не знаат и они не се во тек за која улица е.

Единствено таму од сеќавање ова го зборувам од 2019 нема пробиено едно кракче кое што го бара еден човек, не го барат повеќе граѓани и тоа ми се чине дека господинот се занимава нешто со кујна, со такви работи. Ако е за истиот човек. Улица број, нешто поблиско, Орце Николов е малку пошироко.Орце Николов со Ѓорѓи Соколов. Јас ќе го проверам, ќе запишам. Ако е некој пропуст направен не знам да ти одговорам во моментот. Можеби е ставено во Програма, така да. Да за тој граѓанин сакав да ви кажам дека има пристапи од две страни и таа улица е непотребно да се пробива како улица. Во ред. Урбанистичкиот план предвидува нужни влезови за сите, меѓутоа ако се овозможени не значи дека треба во целост да се пробијат. Елена дали си во тек Орце Николов со Ѓорѓи Соколов крак од 15 метра требело да се пробие.
ЕЛЕНА ТАСЕВСКА: Не знам точно за кој крак станува збор. Таму има две места што треба да се, експропријација беше во тек, мора да дојдат луѓето директно кај мене за да видиме колкав е бројот, има 2 крака, а сите се викат Ѓорѓи Соколов и Орце Николов.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро значи еве од утре натаки, од 8-16 часот нека дојдат во Општина Кавадарци да го провериме. Да кај Елена Тасевски, соба бр.11. Се извинувам 9.А преместиме, беше, сега е во 9. Ок. Благодарам за прашањето.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Најнапред би го прашал Градоначалникот едно прашање. Гребејќи го тампонот на патот од Бојанчиште до Куманичево се оштети патот од Бојанчиште до Бојанчиска Станица . Има прашања, заинтересирани се граѓаните од таа месна заедница кога ќе се санира тоа, оти има на две, три места порој. И второ приближувајќи се до сезоната за откуп на грозје, имаше една инцијатива за да се формира Здружение републичко на лозаропроизводители и тоа е направено и за неколку дена треба тоа Здружение републичко да ги добие печатите и да почне да функционира како правно лице. Јас само ќе прочитам, ме замолија од Здружението да ви кажам некои од актот за основањето дека тоа Здружение ќе праве директни контакти и преговори со откупувачите на грозје домашни и странски правни лица и со претставници на државните органи за начинот на креирање и утврдувањето на производната и откупната цена на грозјето за секоја винска сорта. И едно од најважните работи е да учествува во работењето од секторската група за грозје и вино при МЗШВ на Р. Македонија. Сакам да побарам подршка од негово име, од сите учесници во Совет на Општина Кавадарци и после добивањето на правен статус на ова здружение сакам да направат средба за координација и заеднички настап, затоа што секако ќе треба неколку измени во делот на Законот за добирање на дозволи за извоз на

грозјето, добивање на фитосанитарна дозвола, има некои работи што треба да се сменат и им треба подршка и од пратениците од едната и од другата политичка опција и подршка нормално и од Советот на Општина Кавадарци за тија дел и во втората фаза после завршувањето на откупот истото тоа Здружение ќе настојува да ги намале и трошковите за набавка на репро материјалите за, трошковите за производство на килограм грозје, за препаратите за прскање, ѓубрење и така натаму со заедничко учество на пазарот при набавката на средства. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советниче. Во врска со Бојанчиште патот. Да. Кога се градеше накај Куманичево ми се чине тампонирањето се поштети на неколку места. Имаме направено увид на самиот локален пат од 200м2 станува збор кои што треба да ги санираме . Пресметка имаме направено некаде околу 700 000 денара и до крајот на годината ќе го спроведиме тоа да го направиме. Вооедно да кажаме дека и за Бојаччиште имаме предвидено оваа година доста поплочувања, договорот е веќе активен и треба за брзо време да се отпочне и со поплочување до таму и нормално и во другите селски средини и рурални каде што има договори .Во делот на правење на Републичко Здружение на лозаропроизводители јас давам максимална подршка и го поздравувам правењето на Републичко Здружение и само така можат земјоделците и лозаропроизводителите да си ја покажат својата моќ и сила за да добијат она што им следува во делот на реалноста, во откупот на грозјето и нормално секое колективно или групно купување на материјали може да се постигне и подобра цена. Така да како Градоначалник стојам на располагање во било кое време да оствариме средба. Нормално не само на располагање, сите служби во Општина Кавадарци и компетентни лица кои што би требело да ги довклучиме во делот на агрономи, производители и било кој да разговараме и да донесе некој заклучок и помогниме во делот на формирањето на тоа здружение и насоки на помошта. А воедно сакам па и јас да поставам едно прашање ако до може до координатор на советничката група и актуелен Претседател на ОО Комитет и советник во Општина Кавадарци Вуко Мелов до каде е со иницијативата за одржаната во делот на Дом на културата за откупот на грозјето, дали нешто се исцелокупи, дали се донесе некој заклучоци, пошто си ја земавте обврската за оваа година да го откупите грозјето и да постигните добра цена, па добро да не информирате пошто лозарите ги засега таа страна, кај и да е ќе фтаса грозјето што викат Кавадарчани, да му кажиме до кај сме стигнати и да можеме да очекуваме порелаксирана година во делот на откупот на самото грозје. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во однос првен на трибината. Јас да изразам еден личен револт на односот ваш Градоначалник за попречување да како политички субјект, како советничка група да одржуваме трибини на нешто што претставува јавен простор, јавна институција. Да, да. Значи барањето наше беше неколку пати враќано. Не можел само советник, морало партија, па немало потпис, па немало овоа, па немало оноа и беше враќано неколку пати и на крај со судни маки успеавме да ја одржиме трибината. Врз основа на таа трибина донесиме одредени заклучоци. Министерството за земјоделие по мои информации преговара за воспоставување на механизам за едно долгорочно одржливо решение, а тоа е ставање на производна цена, која што треба да ја утврдува посебно тело кое што ќе го назначува Владата која што треба да утврдува и технолошка зрелост на грозјето и минимална производна цена. Пратениците кои што беа присутни активно работат со претставниците на Здружението. Мислам дека се направени и одредени средби со самото Министерство.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советниче. Јас би сакал тогаш тие заклучоци и кординации, да ако можеме јавно да ги обелодениме. Еве и новото Здружение да ги знае и досегашните.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ќе ги доставиме. Значи заклучоците отприлика ги кажав сега .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не, не, да ги видиме писмено. Да знаеме кај се движиме и во кој правец.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Еве ги сега.Тоа е во рамки на преговори кои што ги остварува самото Министерство.
ГРАДОНАЧАЛНИК: А во делот на тоа дека сте биле опструуирани
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Да, да опструрирани.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Вие како Вуко Мелов како советник немате право да изнајмувате јавен простор во Општина Кавадарци. Да ако го поднесивте соодветно барањето како Претседател на ОО на СДСМ во истиот момент ќе ви беше позитивно одговорено и мислам дека во рамките на временскиот период и на денот не бевте поместени воопшто, него тоа се реши во попладневните часови.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Неколку пати беше враќано.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Па не може сега Вуко Мелов да поднесе барање или Митко Јанчев или било кој. Се знае како се издава јавен простор за користење.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи ние како советници немаме право.
ГРАДОНАЧАЛНИК: По Статут и по. Еве нека ви одговоре правната служба.Ако имате тоа е друго.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ама после поднесиме пак барање, пак имаше одредени проблеми во делот на.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро и ние го поднесуваме Елаборатот за исплата од суша. 20 пати ни го врачат за техничка грешка. Значи треба да се научиме како се поднесува и кој може да поднесе . Инаку само уште овој текст да го прочитам.Вика: Земјава денес заличи на организирано европска НАТО земја, МВР денес ги запоседна сите улици во центарот на Скопје , хеликоптери брчеа над главниот град, на секое ќоше и раскрсници имаше полицајци. Станавме европска земја. Да, да натписот е сега штотуку објавен. Така да денеска потрошивме пари колку за откупот на цело грозје. Не, не. Сакам да кажам дека трошиме средства државни во делот на ресурси колку една реколта за откуп на грозје. Тоа ми беше поентата.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани доколку нема прашања јас би земал збор. Сакам едно мое прашање.
Почитувани медиуми, почитуван Градоначалник, почитувани советници, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Се наоѓаме на прагот на септември месец, месец кој е најскапиот од сите месеци во годината заради тоа што треба огревно дрво, треба да се спрема за зимата, треба учениците да се спремат со потребен прибор и материјал за функционирање и започнување на учебната година. Сакам една информација во текот на наредниот Совет . Тоа најверојатно ќе биде на крајот од август месец. Општинската администрација на Општина Кавадарци да изготви број на запишани прводделеници на територијата на Општина Кавадарци и како Општина Кавадарци да се заложиме да се одвојат средства за фамилиите кои имаат првооделенче на цела територија .Значи да видиме колку се на број и потоа во соодејство со Секторот финансии на општинската администрација да видиме по која сума може да се одвои за полесно функционирање на фамилиите кои имаат првооделенец. Ви благодарам.
Почитувани го исцрпивме денешниот Дневен ред. Ја затворам денешната седница.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов